# СТАНДАРДИ ЗА ИНТЕРНЕТ ЗАЕДНИЦАТА НА BLACKBERRY

Целта на BlackBerry е нашите заедници и услуги на интернет, како што е BBM Channels, да бидат забавни и безбедни места каде луѓето ќе споделуваат идеи и информации со своите истомисленици. За да им понудиме гостољубива средина на нашите корисници, важно е интеракцијата на корисниците да биде во согласност со следните стандарди:

1. **Покажувајте почит.** Не клеветете, не злоупотребувајте, не злоставувајте,не малтретирајте, не демнете, не праќајте закани и не ги прекршувајте законските права на другите (како што се правата за приватност и јавност, и договорните и интелектуалните права);

2. **Бидете љубезни.** Не објавувајте, не постирајте, не прикачувајте, не праќајте и не ширете несоодветни, развратнички, непристојни, клеветнички или незаконски теми, имиња, материјали или информации;

3. **Почитувајте ги законите.** Не ги прекршувајте важечките закони или регулативи, не пренесувајте шпионски и злонамерни програми и вируси, или нешто што може да ја наруши услугата или да им наштети на другите;

4. **Бидете искрени**. Не се претставувајте како друго лице или ентитет, не се претставувајте лажно или не ја претставувајте лажно Вашата припадност во име на друго лице или ентитет, не создавајте лажен идентитет за да ги прелажете останатите, или да направите нешто штоќе биде неочекувано, непријатно и нефер искуство за нив; и

5. **Бидете релевантни**. Не ги „спамирајте“ и не им досадувајте на останатите без нивна согласност, со двојни објави, повеќекратни слични објави или објавување содржина која не е релевантна за дискусијата.

Нашите стандарди се смислени за да ни помогнат да ја продлабочиме нашата цел за создавање на интересно, вредно, креативно и пред сѐ, забавно искуство за нашите корисници.